# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок 02 Март 2018 година Број 2/2018 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
| --- | --- | --- |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за учество на општина Радовиш во реализација на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија во рамки на Југоисточниот плански регион

Ја прогласувам и објавувам Одлука за учество на општина Радовиш во реализација на проектот„Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија во рамки на Југоисточниот плански регион, бр. 08-361/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.02.2018 год.

Бр. 09-361/2 Градоначалник на
20 Февруари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 14, член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупраава (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.02.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За сопствено учество на општина Радовишво реализација на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија

Член 1
Со оваа одлука се обезбедуваат средства со кои општина Радовиш учествува во проектот„Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија во рамки на Југоисточниот плански регион.

Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а партнери во проектот се општините Радовиш, Струмица, Гевгелија, Богданци, Дојран, Конче, Валандово, Босилово, Василево и Ново Село.

Член 2
Средствата за сопствено учество на општина Радовиш во реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 500.000 денари.

Член 3
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Радовиш за 2018 година и ќе с епреведат на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион преку кој ќе се реализира проектот.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„

Бр. 08-361/1 Совет на општина Радовиш
19 Февруари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за пристапување на општина Радовиш како сооснован на Здружение за рурален развој-Локална Акциона Група „Плачковица„ за општините Радовиш, Штип, Конче и Карбинци

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за пристапување на општина Радовиш како сооснован на Здружение за рурален развој-Локална Акциона Група „Плачковица„ за општините Радовиш, Штип, Конче и Карбинци, бр. 08-362/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.02..2018 година.

Бр. 09-362/2 Градоначалник на
20 Февруари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), и член 15 став 1 од Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш (Службен гласник на Општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 19.02.2018 година донесе

ОДЛУКА
за пристапување на Општина Радовиш како сосновач на Здружение за рурален развој – Локална Акциона Група "ПЛАЧКОВИЦА" за општините Радовиш, Штип, Конче и Карбинци

Член 1
Со оваа одлука Општина Радовиш пристапува како сосновач на Здружение за рурален развој – Локална Акциона Група "ПЛАЧКОВИЦА" за општините Конче, Карбинци, Радовиш и Штип, со седиште кое ќе се одреди со Статутот на Здружението.

Член 2
Со донесување на оваа одлука Општина Радовиш станува сосновач на Здружението кое ќе настојува да прерасне во признаена и регистрирана Локална Акциона Група (ЛАГ) во рамки на единствениот регистар за евиденција на Локални акциони групи при Министерството за заемјоделство, шумарство и водостопанство.
Се овластува Градоначалникот на Општина Радовиш да делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на Собранието и телата на Здружението за рурален развој – Локална акциона група "ПЛАЧКОВИЦА".

Член 3
Со донесување на оваа Одлука Општина Радовиш ги остварува следните права и обврски:

-Да учествува во работата на органите и телата на Здружението.

-Да покренува дискусии и прашања од делокруг на работа на Собранието на Здружението за остварување на стратешките и програмски цели, мерки, активности и задачите на Здружението.

-Да се придржува кон одредбите на Статутот на здружението.

-Да дава поддшка и учествува при обезбедувањето на материјално и финансиско работење на Здружението.

-Да учествува во спроведувањето на сите ставови и заклучоци донесени од органите и телата на Здружението.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Радовиш".

Бр. 08-362/1 Совет на општина Радовиш
19 Февруари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година, бр. 08-434/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на продолжението на VI-та седница одржана на 01.03.2018 година

Бр. 09-434/2 Градоначалник на
02 Март 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на продолжението на VI-та седница одржана на 01.03.2018 г., донесе

О Д Л У К А
За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година

I. Се прифаќа Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година, согласно согласно одлуката на Наставничкиот совет бр.08-105/4 од 30.01.2018 година, која е составен дел на оваа одлука и наш број 09-89/14 од 01.02.2018 година.

II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-434/1 Совет на општина Радовиш
01 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот на директори на Друштво на спортски дејности РК „Радовиш„ а.д. Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски активности РК „Радовиш„ Радовиш, бр. 08-435/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на продолжениото на VI-та седница одржана на 01.03.2018 година

Бр. 09-435/2 Градоначалник на
02 Март 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 343 став 1, 344, 367 383 став 3 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10 и 48/10), член 22 став 1 т.6 од Законот за локална самоуправа број 5/2002) и член 21 став 1 т.43 од Статутот на општина Радовиш), Советот на Општина Радовиш,со седиште во Радовиш и ЕМБС: 6027741, во својство на собрание на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД Радовиш на ден 01.03.2018 година, на продолженињро на VI-та седница ја донесе следната:

## О Д Л У К А
За разрешување и именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД Радовиш

1. Се разрешуваат членовите на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД Радовиш, поради истек на мандат:
- Љупче Атанасов од Радовиш,
- Љупчо Мијалов од Радовиш,
- Борче Јовановски од Радовиш

2. Се именуваат членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД Радовиш:
- Стојче Ѓоргиев од Радовиш, со адреса на живеење ул.„22-ри Октомври„ бр.35, л.к. бр. А1746291;
- Бошко Атанасов од Радовиш, адреса на живеење ул.„Самоилова„ бр.45/2-17, л.к. бр.А18800064;
- Игор Конзулов од Радовиш адреса на живеење во Раклиш, л.к. бр.А0276687;

3.Членовите на Одборот на директори од т.2 од оваа Одлука, се избираат за време од 4 (четири) години.

4.. Се задолжуваат лицата од точка 2 на оваа Одлука, избрани за членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД Радовиш, да одржат своја конститутивна седница на која ќе изберат лице кое ќе биде извршен член и ќе го носи називот извршен директор, како и неизвршен член, кој ќе биде и Претседател на Одборот на директори.

5. Се задолжува одборот на директори да доставува квартален извештај за потрошените средства на клубот, со извод/финансиска состојба од банка.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објавуви во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-435/1 Совет на општина Радовиш
01 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовишбр. 08-436/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на продолжението на VI-та седница одржана на 01.03.2018 година

Бр. 09-436/2 Градоначалник на
02 Март 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на продолжението на VI-та седница одржана на 01.03.2018 г., донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување финансиски средства на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 200.000 денари на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовиш наменети за:
- плаќање персонален данок на ракометарите и ангажираните лица;
- обврски према Централен депозитар на Република Македонија;
- тековни трошоци за одржување натпревари:

Член 2

За потрошените средства да се достави извештај.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-436/1 Совет на општина Радовиш
01 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА :

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за учество на општина Радовиш во реализација на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија во рамки на Југоисточниот плански регион ---------------------- 1
ОДЛУКА За сопствено учество на општина Радовишво реализација на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни животни„ во општините Струмица и Гевгелија ------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за пристапување на општина Радовиш како соосновач на Здружение за рурален развој-Локална Акциона Група „Плачковица„ за општините Радовиш, Штип, Конче и Карбинци 1
Одлуката за пристапување на општина Радовиш како соосновач на Здружение за рурален развој-Локална Акциона Група „Плачковица„ за општините Радовиш, Штип, Конче и Карбинци 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година ---------------------------------------------------- 2
ОДЛУКА За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2018/2019 година ---------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот на директори на Друштво на спортски дејности РК „Радовиш„ а.д. Радовиш - 3
ОДЛУКА за разрешување и именување на членови на Одборот на директори на Друштво на спортски дејности Ракометен Клуб „Радовиш„ а.д. Радовиш ---------------------------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовиш ----------- 3
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Ракометниот клуб „Радовиш„ Радовиш ------ 4